**20131162787**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.8.2013 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2013 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни препријатија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/13), во член 2 точките 11 и 12 се бришат.

Точката 13 станува точка 11.

Точкатата 14 се брише.

Точките 15 и 16 стануваат точки 12 и 13.

Точката 17 која станува точка 14 се менува и гласи:

„Подобрување на продуктивноста на малите и средни претпријатија преку учество на донаторски проекти. Учество и кофинансирање на активности поврзани со проекти во кои учествува Агенцијата (Проект Градење на капацитети за создавање на економија базирана на знаење, финансиран од Австриска развојна агенција и Проекти Интервалуе, Финно, Инвестициска иницијатива во Балканска Европа-ВИБЕ и Ментор-женско претприемништво, финансирани од страна на ЕУ), како и можноста за кофинансирање на други потенцијални проекти и учество на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во Асоцијацијата на агенции за развој на мали и средни претпријатија за Југоисточна Европа.

720.000 денари"

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-5237/1
14 август 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.